Миле Стоиќ

# НЕБЕСЕН ПАНСИОН

• ИЗБРАНИ ПЕСНИ •

Културна установа Блесок

ЕДИЦИЈА МОРФЕЈ

2011

Copyright за македонското издание: © Културна установа Блесок, 2011.
Copyright of the translation: © S. Fischer Foundation by order of TRADUKI
Сите права се задржани.

Ниеден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на кој било начин без претходна писмена согласност на издавачот.

Оваа книга е објавена со поддршка на ТРАДУКИ, мрежа за книжевност во која членуваат Министерството за европски и меѓународни работи на Република Австрија, Министерството за надворешни работи на Федеративна Република Германија, Фондацијата за култура Про Хелвеција од Швајцарија, КултурКонтакт од Австрија, Гете институт, Словенечката агенција за книга и Фондацијата С. Фишер.

traduki

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје
821.163.42-1

СТОИЌ, Миле
Небесен пансион : избрани песни : авторски избор / Миле Стоиќ; превод од хрватски Игор Исаковски. – Скопје : Блесок, 2011. – стр. 144; 17 см. (едиција Морфеј; кн. 15)

Белешка за авторот: стр. 137.

ISBN 978-9989-59-350-5
COBISS.MK-ID 87366922

**Миле Стоиќ**

# НЕБЕСЕН ПАНСИОН

**• избрани песни•**

**авторски избор**

Превод од хрватски: Игор Исаковски

Културна установа БЛЕСОК
Скопје, 2011

**Содржина**


Низ Истра 9
Експонати во музејот на книжевноста 11
Amoris nota 14
Персифлажа 15
Расцутело *Јудиното дрво* во дворот
на старата Виенска општа болница, денешен
Универзитетски кампус 17
Мојата кафеана 19
Во Белград, десет години после војната 21
Небесен пансион 23
Малини 25
Никој 26
Есенска глоса 27
На Шантиќевите вечери на поезијата 29
Корчула 30
Садамовата песна 32
Кларинетот кој некогаш служеше
во Требижатската лимена музика 34
Историја 35
Будимпешта 36
Љубов моја 38
Вава 42
Џамија со сребрено минаре 44
Да се умре во Сараево 45

| | |
|---|---|
| Зулејха | 46 |
| 23 март 2007 | 48 |
| Граница | 50 |
| Лозје | 54 |
| Не можам да те прежалам | 55 |
| Братство и сестринство | 57 |
| 25 јануари 1978 | 58 |
| Оремус | 59 |
| Чивот | 61 |
| Бахт | 63 |
| Улицата што се вика Седум ѕвезди | 64 |
| Дистих чуен на минување на гробиштата Кошево 9.12.2001 | 67 |
| Хор 13, 13 | 68 |
| Парчиња кон денот 11 септември | 69 |
| Песна за првата љубов | 72 |
| И си и не си | 74 |
| Претседателот на Македонија | 75 |
| Експлозијата на компјутерската технологија | 77 |
| Распад на мешаниот брак | 81 |
| Младичи, повторно | 82 |
| Можев да бидам твојот млад љубовник | 83 |
| Народна со потпрашања | 85 |
| Мезарот на Елведин Авдиќ | 86 |
| На Шварценберговиот плоштад | 88 |
| Ќерките на големите синови | 90 |

| | |
|---|---|
| Габата | 93 |
| Poetry In Two Time Zones | 95 |
| Никола Тесла | 96 |
| Забелешка кон Todesfuge од Пол Селан | 100 |
| Парчиња | 102 |
| Земја | 104 |
| Босанските поети во егзил | 106 |
| Трева | 109 |
| Површина | 111 |
| Тапанот на челната коска | 116 |
| Magyartenger | 117 |
| Никогаш не вели | 118 |
| Велат дека убавите и умни | 120 |
| Размислувања при прошетка низ Пратер | 121 |
| Абер дојде Донке | 125 |
| Канцона и сиртаки | 127 |
| Циганка | 129 |
| Девојките на мојата младост | 131 |
| Антологија | 133 |
| | |
| Белешка за авторот | 137 |

## Низ Истра

Се возам низ Истра, пејзажи итачки
Се возам со Весна, како пред триесет години
Низ Херцеговина. Ѕидините на Мотовун
Стануваат за миг љубушки кули
А реката Мирна, реката
Тихаљина.

Разговараме за Џојс во Пула
Рилке во Девин
Местата кои ги мамеле поетите но не ги држеле
За тоа како некој ни ги ампутирал
Спомените и како нашите животи станале
Само тежина
И повторување.

Сѐ е повторување
Па и ова возење, велам, и ги заплеткувам
Прстите во нејзината коса – Што мислиш да се
Држиме до нашето старо сценарио
Полно мали палавштини
За врз загрижените и замислените лица
Барем за миг
Да ја вратиме гримасата на радоста.

Неможно, вели таа
Со тажна насмевка
Зашто она кое некогаш
Најмногу го сакаше на мене
Сега е надолу
Изгризено со рак
Ампутирано.

## **Експонати во музејот на книжевноста**

Масивна работна маса од славонска дабовина
(иако тие песни се напишани
повеќето во канцеларија или на кујнската маса)
Колекција пера, Мон Блан, Паркер, Пеликан
(класикот едно доби од началството за годишнината
од пишувањето,
и го чуваше во фиока, инаку се служеше со пенкало)
Француска капа, која одлично ги сокрива седите
Кожна актовка, која и после
години уште мириса на ракија
Очила Роденсток, чие едно стакло напукнало
Вратоврска, свилена, малку накапана со вино.

Луле од махагони, иако покојникот
пушеше главно Кент, или евтина Опатија
Неколку бележници со нејасни
наслови и нечитки белешки.
Недовршен реферат на тема колку е
поезијата проза а прозата поезија
Потпишана петиција за правата на малцинските групи
десетина издавачки договори, авионски
билети за саемите на книга во
Франкфурт и Загреб, хотелска сметка од Еспланада
со непознато презиме.

Разгледници од Прага, Париз, Струмица и Јасна Полјана
Праќани на име на секогаш иста женска личност,
кое е прецртано, од разбирливи причини
Неколку пријави за меѓународни стипендии
и писма до издавачите
во врска со неисплатените хонорари
Документација за наградите и дипломите,
поткрепена со избледени исечоци од весници
Поетовата трамвајска легитимација со фотографија
од автомат
Две машини за пишување, сивомаслинеста „бисерица"
и металик електрична марка „Оливети".

Ентропија од фотографии, прецизна документација
на пропаѓањето
Книги, различни изданија, преводи на странски
јазици кај непознати издавачи или циклуси по списанија
Скици за два ненапишани романи, брачни призори
Дијагноза на тешка болест и лекарски наоди
Лонгплејка со поетовите стихови
Со музика од локалниот рокер
Мала фонотека на тагата

Никаде необјавени ракописи. Нив ги сокрива
Личниот сметач со упропастен хард диск
Кој беше праќан дури во Сиетл во централата
на Мајкрософт

Но ни тие не успеале ништо да дешифрираат
Од она за кое говорат кликави стихови и урнебесната фантазија
На оној кој сега мириса на формалин и распаѓање.

## Amoris nota

Со телото од асфалтот, со лицето од прашината
Со пенисот од трњето

Со солзата од океанот, со прстот во око
Со месото од железото

Со душата од студот, со стомакот врз ножот
Со јазикот врз мразот

Со челото од куршумот, со коските од зимата
Со срцето од сртот

Со ногата од каменот, со џигерот од медот
Со главата од ѕид.

## Персифлажа

На една книжевна вечер
толкувајќи моја песна го изговори зборот
„персифлажа“, во желба да појасни
дека секој поетски збор е некаква загатка
и како за стиховите мора да се говори учено.

А таа песна говори за часот кога Н.
ја оставам среде толпата на железничката станица
и како ми мавта миг-два додека исчезнува
зад непроѕирното
стакло, и како јас, всушност, веќе момент подоцна
жалам што не го почекав тој проклет Интерсити
за да ја гледам нејзината рака на прозорот како ми мавта
долго,
долго и полека, сѐ додека не се втопи во магливиот
хоризонт.

Зборот „персифлажа“, препишувам од Клаиќ,
значи „духовно ругање, исмејување на фин начин“
Размислувам како својата песна не сум ја ни довршил
зашто секоја разделба има ехо на незавршеност,
чувство дека некогаш ќе се состави искинатото
Но, јас насетувам дека Н. никогаш повеќе нема да дојде
И дека тоа е крај.

Дека тогаш последен пат во краткото обѕрнување
ја видов благата рака која го милуваше уморното чело
пред тоа тело на нимфа да седне во брзата композиција
и засекогаш да изнурне од океанот на мојата самотија
И што, поѓаволите, сега со таа „персифлажа“
Кога молот на таа мелодија за разделбата
е единственото што писателот
сакал да го каже.

## **Расцутело *Judиното дрво* во дворот на старата Виенска општа болница, денешен Универзитетски кампус**

Билката е cercis siliquastrum, а ја викаат дрво Јудино
Ги гледам низ прозорецот нејзините кревки гранки
како пеат
Со розов цут. Мене, или на строгиот создател
Кој ги предвидел за бесилка на убиецот на својот син?
Секоја кршлива *гранка* мене ме потсетува на Цвајг
Кој боледувал во некоја од овие соби, а таа му
Мавтала срамежливо, како девојка која ја обесчестиле
Караџиќевите патриоти, некаде во планините на Босна.

Оној кој го милувал твојот бехар и го пиел твојот мирис
Морал да испие barbiturat veronal во пампите на Рио
Со својата љубена која се викала Шарлот Алтман
Истеран од под своето стебло засекогаш. Своите кревки
тела
Му ги дарувале на љубениот роден крај aus freiem Willen
Und mit klaren Sinnen, во знак на благодарност
за прогонството
О Исусе добар, прати ги в пекол сите оние кои
Им се одмаздуваат на невините за твојата света мака.

Денес околу расцутеното стебло седат бездомници
И безгрижни студенти, кои во своите ранци го носат
*Светот од вчера*, како тешка лектира за задолжителен испит
Која се чита интензивно, ден и ноќ, како мачна задача
За прочитаното набргу да се заборави. Како што се
Заборава времето во кое расне омразата и цути злото
Како што твоите гранки ја заборавааат зимата и студот и болката
Секоја година со нова пролет и нов бехар.

Се лелеат расцутени твоите алби во самрачниот двор
На кампусот, над клупата на која две млади тела
Како некогаш ги опива занесната и бесмртна симфонија на љубовта;
Покрај која поминува еден висок, згрбавен човек
Од југот, кој тукуштo размислува за светот од вчера, за пролетта
Која буди спомени и за алкохолот кој ублажува рани. Светот
Се гуши во џагор, се соединуваат во бучава смеата и плачот
Во далечниот роден крај, каде минатото прави оргии и луѓето умираат

## Мојата кафеана

Мојата кафеана е празна. Една пропадната куќа
На крајот од селото, со прозорец кон месечината
Тука сам налевам чаши и пијам до мугри
И ги довикувам драгите, отсутните, во самотничкото вино.
И одеднаш слушам гласови, бас и хармоника
Сè што душата можела, а не знаела (ниту смеела)
сега збор по збор се склопува во тмурна хроника
И љубовта завршува уште пред да започне.

Мојата кафеана е празна. Само саката маса и стол
Каде седеше некогаш безгрижниот кочијаш на бескрајот
Кој пушташе змејови и туркаше детска количка
Во радост и во височина, во хоризонтот каде се спојува
Мојата душа со синилото, срцето со родниот крај.
Човечкото зло е големо и сеопфатно, малку
Има птичја љубов и трепет. А сè од себе давам
За да го сочувам неуловливото, единственото преостанато.

Мојата кафеана е празна. Духот на лавандата и шумите
Темјан се за душата на оние чија смеа е пресечена.
Тие се смеат над лавиринтот и низ правот на мојот друм
Зашто не го разбираат стравот, ниту причината да се биде
претпазлив.
Како ќе ти го препознам лицето во тоа рајско изобилие

Кое лежи на работ од сакатото херцеговско село?
Би сакал да те љубам во лозје, во мед, во диво билје
Но љубовта завршува уште пред да започне.

Сараево, 22 јули 2008